**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303-630/6**
**Скопје, 19.09.2007 година**

***СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА*** **СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Советот за радиодифузија-Скопје ( во понатамошниот текст Совет) за 2006 година, кои се прикажани на страните од 10 до 12.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Советот за радиодифузија-Скопје за 2003 година. За годината 2005 која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Ѓорѓи Варошлија - претседател од 04.11.2003 до 28.01.2006 година,
   - Илир Ајдини-заменик претседател од 29.01.2006 до 27.04.2006 година,
   - Мирче Адамчевски - претседател од 28.04.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 10, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 24.04.2007 година до 08.06.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија.

Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на законскиот застапник/претседател на Советот за радиодифузија добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 1304-630/05 од 30.08.2007 година, истите овластениот државен ревизор ги разгледа и не ги прифати.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Систем на интерни контроли во процесите**

11.1.1. Извршена е оценка на системот на интерни контроли за утврдување на усогласеноста на книжењата, при што е констатирано дека не е извршено усогласување на состојбата на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацин, побарувањата и обврските искажани во сметководствената евиденција со фактичката состојба утврдена со попис за деловната 2006 година, што е спротивно на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Непревземањето на активностите за усогласување на фактичката со сметководстевната состојба предизвикува неусогласеност на податоците во трговските книги со состојбите искажани во финансиските извештаи, односно намалување на квалитетот на финансиските извештаи, веродостојноста и релевантноста на податоците кои ги даваат истите.

11.1.2. Извршена е оценка на системот на интерни контроли за сеопфатеноста на евиденцијата на искажаните обврски спрема добавувачи во земјата, и обврските за финансирање на проекти од јавен интерес кон трговските радиодифузни друштва, при што е констатирано постоење разлика помеѓу настанатите и евидентираните обврски, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Невоспоставената контрола за сеопфтност на обврските влијае, сметководствената евиденција и финансиските извештаи да не обезбедат точно, благовремено, сеопфатно, и ажурно искажување на овие билансни позиции.

**Препораки и мерки:**

1. Советот да пристапи кон пропишување и донесување на интерни акти во согласност со наведените закони кои ќе овозможат имплементирање на контролни постапки согласно Законот за јавна внатрешна контрола и ќе обезбедат законско, наменско, економично, ефикасно и ефективно користење на средствата.

11.2. **Неправилна примена на акти**

11.2.1. Собранието на Република Македонија донело одлука број 07-1737/1 од 18.04.2006 година и број 07-2107/1 од 23.05.2006 година со кои се избираат девет члена на Советот, при што за утврдување на нето плата на заменик претседателот на Советот, и на шесте членовите на

Советот, претседателот донел решение број 02-1837/1, број 02-1836/1, број 02-1841/1, број 02-1842/1, број 02-1840/1, број 1839/1, број 02-1838/1 сите од 30.06.2006 година и решение број 02-1848/1 од 30.06.2006 година за месечен надомест во износ од 20 илјади денари на член на Советот кој не е во работен однос во Советот. Нето платата на претседалеот на Советот е утврдена со решение, број 02-1835/1 од 30.06.2006 година донесено од заменик претседателот. Врз основа на горенаведените решенија за периодот јануари-декември 2006 година исплатени се средства во износ од 3.479 илјади денари и тоа за нето плати се исплатени средства во вкупен износ од 3.319 илјади денари и нето износ од 160 илјади денари за надомест за осум месеци без соодветен акт донесен од надлежен орган (Собранието на Република Македонија односно надлежното тело/комисија при Собранието) што е спротивно на одредбите од Законот за платата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон предизвикува исплата на плата која не е утврдена од надлежен орган.

11.2.2. Советот склучил Протокол број 03-2750/1 од 13.12.2005 година, со корисниците на радиодифузната такса, и се обврзал за периодот од 16.09.2005 година до 28.11.2005 година, да насочи/уплати на нивна сметка неискористени средства од радиодифузна такса наменети за финансирање на проекти од јавен интерес, во вкупен износ од 13.440 илјади денари, и тоа 10.282 илјади денари, на Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија и 2.621 илјада денари на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија, а врз основа на член 177 од Законот за радиодифузна дејност. До ден 29.11.2005 година, до кога требало да се реализира законската обврска, и неискористените средства да се насочат/уплатат на корисниците на радиодифузната такса, Владата на Република Македонија донела пет одлуки за распоредување на средства од радиодифузната такса за финансирање програми од јавен интерес со кои на Советот се доделени вкупно 536.096 илјади денари. Поради несоодветна евиденција на наведените обврски на ревизијата не и беше презентиран износот на вкупните обврски кои Советот не ги насочил/уплатил. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон предизвикува субјектите кои се финансираат од средствата од радиодифузната такса во целост да ја остварат својота дејност и зацртаните програмски активности.

11.2.3. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, не е обезбедено доследно почитување на одредбите на Закон за јавни набавки, и на подзаконските акти, бидејќи:

- до Бирото за јавни набавки навремено не е доставувано-претходно (индикативно) известување за планираните набавки во текот на 2006 година на годишниот план за јавни набавки за 2006 година, и дополнување на годишниот план, како и регистрите за одделна јавна набавка.
- членовите на Комисијата за јавни набавки не потпишуваат Изјави за конфлик на интереси.
- Нема воспоставена пракса за набавките од мала вредност да се склучува договор.
- спроведена е постапка, отворен повик за јавна набавка/услуга - адаптација, реновирање и реконструкција на деловниот

простор, планирана со дополнувањето на годишниот план за јавни набавки за 2006 година, при што средствата за истата се предвидени заедно со средствата за спроведување на постапката за набавка на стоки-канцелариски мебел и опрема, интернет конекција и хостирање на веб страната, опрема за снимање и мониторинг, информатичка опрема и софтвер. На овој начин се врши мешање и сведување под иста ставка, набавка на стоки и набавка на услуги. Во Одлуката за потреба од оваа јавна набавка број 02-2062/2 од 17.07.2006 година е наведено дека јавното отварање на понудите ќе биде на ден 13.09.2006 година, а по Записникот за јавното отварање истото е реализирано на ден 15.09.2006 година, без да се дадат на увид писмените овластувања на претставниците на понудувачите кои учествуваат на јавното отварање на понудите. Во одлуката за потреба од оваа набавка предвидени се 3.500 илјади денари, а склучен е Договор број 03-2897/1 од 02.11.2006 година со Друштвото за инвестициони работи, консалтинг и инженеринг „Инвест А“ дооел Скопје, (без истиот да се достави до Бирото за јавни набавки во определениот рок) на износ од 3.918 илјади денари, заради што до Бирото за јавни набавки е доставено барање за добивање на претходна согласност број 03-1334/1 од 24.04.2007 година, за склучување на анекс договор за разликата од 783 илјади денари обезбедена е согласност од Бирото за јавни набавки број 23-15855/3 и 23-21059/2 од 19.06.2007 година, што всушност преставува легализирање на веке извршените активности.

Непревземањето активности за навремено доставување на пропишаните акти до Бирото за јавни набавки, не почитување на пропишаната форма и содржина на планот, не склучувањето на договорите со добавувачите за набавки од мала вредност, не потпошување на изјави за конфликт на интереси, и не почитување на законот и подзаконските акти при спроведувањето на постапката за јавна набвка услуга, предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување фер конкуренција и еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препораки и мерки:**

Советот за радиодифузија да превземе активности за обезбедување соодветен акт од надлежните органи за утврдувањето на нето платите на членовите на Советот.

1. Советот да превземе соодветни активности за пропишување и практикување соодветни политики за наменското и законското користење на неискористени средства од радиодифузна такса наменети за финансирање на проекти од јавен интерес.

2. Надлежните органи да превземат соодветни активности за доследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки, обезбедување на фер конкуренција и рамномерна положба на понудувачите.

11.3. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.3.1. Надлежните органи не превземале активности за доследно почитување на сметководственото начело на „пресметковна основа“, што е спротивно на одредбите на Законот за трговските друштва и МСС. Ваквата состојба предизвикува сметководствената евиденција и

финансиските извештаи да ги изготвува врз основа на сметководсвеното начело на „парично искажување“. И покрај признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи според Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Советот не обезбедил доследна примана поради тоа што:

- паричните средства на 31 декември во износ од 247.087 илјади денари, не се усогласени со вишокот на приходи кој е во износ од 245.897 илјади денари, и тоа за износ од 1.190 илјади денари,
- не е воспоставена сметководствена евиденција за искажување на набавениот ситен инвентар на сметката ситен инвентар на залиха и на сметката останат капитал, за износ од 292 илјади денари,
- не се врши навремено, ажурно и конзистентно евидентирање/искажување на обврските кон добавувачите по фактури при што дел од обврските се искажуваат во моментот на нивното плаќање, а за износ од 675 илјади денари (налог за книжење број 101276 од 27.12.2006 година, евиденција на плаќање по извод број 276 од 27.12.2006 година) обврски воопшто не се искажуваат, односно при плаќањето на истите се искажува само расход,

Утврдените состојби имаат за ефект примена на несоодветно сметководствено начело и намалување на квалитетот на финансиските извештаи.

11.3.2. Совет не превземал мерки и активности за донесување, и примена на сметковствени политики за начинот на искажување на обврските кон трговските радиодифузни друштва и независните продуценти, односно радио и телевизиски проекти, на кои по одлука, Влада на Република Македонија распоредува средства од радиодифузната такса за финансирање проекти од јавен интерес. Заради воспоставениот начин на евиденција не се искажани обврските по одлуката број 19-1945/1 од 11.05.2006 година донесена од Владата на Република Македонија, за распоредување на средства за седми (VII) оглас односно средства во износ од 91.843 илјади денари, што е спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Неискажувањето на обврските во моментот на нивното настанување, придонесува кон нереално и необјективно искажување на наведената позицијата во билансот на состојба за износ од 91.843 илјади денари.

11.3.3. Советот нема пропишано и донесено соодветни политики/критериуми за наменското и законското користење на средства за проекти од јавен интерес на трговските радиодифузни друштва, расределени по одлука на Владата на Република Македонија. Невоспоставени политики/критериуми предизвикува неможност од следење на наменското и законското користење на средствата за оваа намена.

**Препораки и мерки:**

1. Надлежните органи на Советот да превземат потребни мерки и активности за пропишување и донесување на сметководствени политики кои ќе претпочитаат пресметковна основа на сметководствена евиденција и реално и објективно искажување на елементите од финансиските извештаи.

2. Надлежните органи на Советот да пропишат и донесат соодветни политики кои ќе овозможат доследно следење на законското и наменското користење на доделените средства за проекти од јавен интерес на трговските радиодифузни друштва.

11.4. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.4.1. Пописната комисија не извршила доследна примена на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници поради тоа што не извршила целосен попис на основните средства, ситниот инвентар, материјали и резервни делови во магацин, побарувањата и обврските и паричните средства со состојба 31.12. 2006 година, туку изготвува документ кој има наслов „Извештај“ во кој се содржани само кусоците на основните средства и ситниот инвентар. На ревизијата не се дадени на увид, пописни листи за извршен физички попис на основните средства, и ситниот инвентар, материјали и резервни делови во магацин и не е извршено нивно усогласување со сметководствената состојба, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба има влијае на реално и објективно искажување на неотпишаната вредност на капиталните средства со состојба 31.12.2006 година односно врши намалување на квалитетот на финансиските извештаии и информациите кои тие ги даваат.

**Препораки и мерки:**

1. Советот да превземе мерки и активности кои ке обезбедат доследно почитување на законските акти од страна на лицата ангажирани во пописните комисии.

11.5. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.1; 11.2 11.3 и 11.4 предизвикуваат Советот за радиодифузија да: го остварува своето работење без целосно воспоставен систем на интерни котрили за процесите на усогласување на фактичката состојба по попис на ден 31.12. 2006 година со сметководствената состојба на иститe, интерните контроли за сеопфатеноста на евиденцијата на искажаните обврски спрема добавувачи во земјата, и обврските за финансирање на проекти од јавен интерес кон трговските радиодифузни друштва, исплата на плата која не е утврдена од надлежен орган, не е обезбедено доследно почитување на одредбите на Закон за јавни набавки, не го применува сметководственота начело на „пресметковна основа’, да не се склучува договор со избраниот добавувач во постапките за набавки од мала вредност, не превземал мерки и активности за донесување, и примена на сметковствени политики за начинот на искажување на обврските кон трговските радиодифузни друштва, не извршен целосен физички попис и не е извршено усогласување на фактичката со сметководствената состојба.

12. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 11.3. до 11.4. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Советот за радиодифузија под 31 Декември 2006 година, и резултатите од работењето за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.1. до 11.3. не изразуваме мислење за законското и наменското користење на

средствата во финансиските трансакции за 2006 година на Советот за радиодифузија.

14. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведените состојби:

14.1. Владата на Република Македонија согласно извадокот од Нацрт-записникот број 19-1945/1 од 11.05.2006 година од седница одржана на ден 11.05.2006 година, заклучила: „средствата од радиодифузната такса наменети за финансирање на радио и телевизиските проекти од јавен интерес по огласите под број I, II, III, IV, и V да се искористат најдоцна до 10.06.2006 година....“ и „Советот најдоцна до 12.06.2006 година да достави информација до Владата за нереализираните проекти и за вкупната сума на неискористени средства ...“. Постапувајќи по заклучокот, Советот, до Владата доставил Информација број 08-1679/1 од 20.06.2006 година (примена во Владата на ден 21.06.2006 година), според која, заклучно со 12.06.2006 година, вкупниот износ на неискористени средства е 33.445 илјади денари, од кои неискористени средства за оглас I е износ од 5.838 илјади денари, за оглас II износ од 8.482 илјади денари, за оглас број III износ од 4.984 илјади денари, за оглас број IV износ од 4.323 илјади денари, и за оглас V износ од 9.818 илјади денари. За вкупниот износ на неискористени средства од 33.445 илјади денари, Советот препорачал на Владата истите да бидат наменати за објавување на нов Оглас (VIII) за финансирање радио и телевизиски програми од јавен интерес. Воедно укажал на потребата да се изменат одлуките на Владата на Република Македонија број 23-3122/1 од 10.08.1999 година, број 23-3662/1 од 07.11.2000 година, број 23-5619/1 од 06.11.2001 година, број 23-3927/1 од 20.08.2002 година, и број 23-2306/1 од 21.07.2003 година наменети за финансисирање на програми од јавен интерес со кои се распределени средствата на субјектите кои истите не ги искористиле. До денот на вршењето на ревизијата Советот не добил писмен акт односно соодветно известување или насоки од Владата на Република Македонија за понатамошното постапување.

14.2. Советот склучил три договори за орочување на денарски депозити со еден од носителите на платниот промет (деловна банка), и тоа договор број 10-200-5266 од 17.03.1999 година, за орочување на средствата во износ од 100.000 илјади денари, договор број 10-200-34386 од 20.10.2003 година за орочување на средствата во износ од 35.000 илјади денари, и договор број 10-200-12708 од 29.06.2005 година во износ од 50 илјади денари (вкупно 185.000 илјади денари). Врз основа на истите се склучувани повеќе анекс договори со кои се определува периодот на орочувањето и висината на каматната стапка и истата се движи од 12,00% до 5,50%. Ваквата состојба создава можност државниот капитал да се искористи за остварување на профит на наведената банка. Согледувајќи ја состојбата дека државата преку Советот е сопственик, ревизијата укажува на потребата надлежните државни органи да превземат активности за пропишување на соодветни акти, критериуми и постапки за користење на слободните парични средства од Советот за потребите на ликвидноста на Буџетот на Република Македонија односно советот слободните средства да ги користи за запишување на обврзници при нивното емитување од страна Министерството за финансии.

14.3. Советот на ден 29.05.2007 година, донел Одлука архивирана под број 02-1628/2 од 30.05.2007 година, за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност на 114 трговски радиодифузни друштва, за временски период од девет години, по претходно спроведената постапка по Јавен повик за усогласување на постојните договори за концесија склучени согласно Законот за радиодифузната дејност (Службен Весник на РМ број 20/97 и

70/03) со одредбите од постојниот Законот за радиодифузната дејност (Службен Весник на РМ број 100/05 и 19/07), заради обезбедување премин од систем на концесии во систем на дозволи за вршење на радиодифузна дејност. Доделените дозволи, се за 52 телевизии (5 државни/национални, 11 регионални и 36 локални) и 62 на радија (3 државни/национални радија, 16 регионални и 43 локални). Од вкупно 123 трговски радиодифузни друштва, кои имале концесии, пријави за усогласување на договорите за концесија не доставиле 8 трговски радиодифузни друштва, а 1 трговско радиодифузно друштво доставило изјава дека се откажува од понатамошното вршење на радиодифузната дејност. До Владата на Република Македонија, е доставена и Информација за усогласувањето на договорите за концесија, број 07-1680/1 од 30.05.2007 година, во која Советот, препорачува Владата на Република Македонија да потпише 9 одлуки со кои ќе се раскинат договорите за концесија склучени помеѓу концедентот-Владата на Република Македонија и концесионерот-трговско радиодифузно друштво, кое не го платило надоместок за концесија за вршење радиодифузна дејност. За доделените 114 дозволи, Советот пресметал годишен надоместок, во износ од 191 илјада евра, врз основа на формулата утврдена во член 60 од Законот за радиодифузна дејност за кои во идниот период треба да превземе активности за нивна наплата. Владата на Република Македонија на ден 18.07.2007 година го известува Советот дека во врска со наведените состојби истиот да достави „информација за состојбата за плачање на надоместокот за концесија за вршење на радиодифузна дејност, со предлог-одлуки за еднократен раскин на договорите за концесија за вршење на радиодифузна дејност“. Ова укажува дека наведената постапка ќе продолжи да се разрешува и во наредниот период.

14.4. До Секретаријатот за европски прашања, при Владата на Република Македонија е доставена Информација број 03-661/2 од 27.03.2007 година, за износот/динамиката на наплатената радиодифузна такса во Советот, по 01.06.2006 година, од кога, според Законот за радиодифузна дејност, пресметувањето, наплатата и насочувањето на средствата од радиодифузната такса е во надлежност на Македонската радио и телевизија, при што е наведено дека:

- наплатените средства од радиодифузна такса во период од 01.06.2006 до 20.03.2007 година е во вкупен износ од 3.937 илјади денари, и тоа износ од 2.877 илјади денари наплатени од Македонската радиотелевизија во периодот јуни-декември 2006 година, износ од 767 илјади денари заостанати уплати од АД Електростопанство на Македонија во периодот јуни-декември 2006 година, како и износ од 293 илјади денари, наплатени до 20.03.2007 година, а се задоцнети уплати од граѓаните за фактурираниот износ на радиодифузна такса за период јануари/деќември 2006 година,
- процентот на наплатената радиодифузна такса во 2006 година, изнесува: јуни 0,1%, јули 13,32%, август 7,13%, септември 6,36%, октомври 5,28%, ноември 4,43% и деќември 4,32%. Советот нема увид во збирната сметка на која се уплаќаат средствата од радиодифузната такса, а наведените проценти, се добиени од износот на уплатите на жиро сметката на Советот, како и од податоците добиени од Македонската радио и телевизија за вкупно фактурираната такса во 2006 година, од 184.316 илјади денари,
- нема наплата на радиодифузната такса за 2007 година, бидејќи сметки за наплата на радиодифузна такса за период јануари/деќември 2007 година сеуште не се доставени,

Заради горенаведените состојби кои произлегуваат од нефункционирањето на системот за финансирање на радиодифузниот сектор, односно нередовното прибирање на средствата од радиодофузната такса, се доведува во прашање работењето на сите субјекти во радиодофузниот сектор и тоа на Советот за Радио дифузија, на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија и Македонската радио телевизија. Нормалното функционирање на овој сектор, е од особена важност за Република Македонија, заради што надлежните органи имаат обврска на ова прашање да му посветат соодветно внимание и согласно постојните законски решенија да придонесат за воспоставување на ефикасен систем за прибирање на средствата од радиодифузната такса, кој ќе обезбеди надминување на постоечките проблеми, напредок и развој на овој сектор.

14.5. Согласно Законот за радиодифузната дејност изготвувањето на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност е во надлежност на Советот за радиодифузија, и истата треба да биде донесена до 29.11.2007 година. Во текот на ревизијата е утврдено дека за целите на изработка на Стратегијата се превземени одредени активности и се формирани четири работни групи заради воспоставување на четирити клучни столбови/процеси и тоа плуraризам во програмите, медиа маркентинг, легислатива и премин од аналогна во дигитална радиодифузија. Со цел, почитување на законски определениот рок за изработка на стратегијата како и заради значењето што го има стратегијата за развој на радиодифузаната дејност, Советот, во идниот период треба да ги интензивира понатамошните активности и навремено да ја изработи Предлог на Стратегијата, истата да ја презентира на јавна расправа, и да ја достави до Собранието на Република Македонија за разгледување.

15. Советот превземал соодветни мерки за утврдените состојби по Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2003 година, освен за утврдената состојба во точките 11.1, 11.6, и 11.7.

**Скопје, 18.09.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Совет за радиодифузија Скопје**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 12,125 | 12,960 |
| Трансфери и донации | 366,363 | 426,055 |
| **Вкупно приходи** | **378,488** | **439,015** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 16,195 | 12,955 |
| Стоки и услуги | 16,297 | 13,464 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 83,378 | 42,738 |
| Субвенции и трансфери | 15,835 | 41,415 |
| **Вкупно тековни расходи** | **131,705** | **110,572** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 886 | 902 |
| **Вкупно капитални расходи** | **886** | **902** |
| **Вкупно расходи** | **132,591** | **111,474** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **245,897** | **327,541** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **245,897** | **327,541** |

**Совет за радиодифузија Скопје**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 58,865 | 140,989 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 185,000 | 185,000 |
| Побарувања од вработените | 38 | - |
| Побарувања од државата и други институции | 277 | - |
| Активни временски разграничувања | 2,906 | 930 |
| Аванси за капитални средства | 1 | 1 |
| **Вкупно тековни средства** | **247,087** | **326,920** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 4,089 | 3,715 |
| **Вкупно постојани средства** | **4,089** | **3,715** |
| **Вкупна актива** | **251,176** | **330,635** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 2,906 | 930 |
| Краткорочни финансиски обврски | 38 | - |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 190 | 644 |
| Пасивни временски разграничувања | 243,953 | 325,346 |
| **Вкупно тековни обврски** | **247,087** | **326,920** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 4,089 | 3,715 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **4,089** | **3,715** |
| **Вкупна пасива** | **251,176** | **330,635** |

**Совет за радиодифузија Скопје**

**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба на промените на материјалните и нематеријалните средства и залихите на 01.01.2006 година** | **3,715** | **3,715** |
| **Состојба 01.01.2006 година** | **3,715** | **3,715** |
| **Зголемување по основ на:** | **1,579** | **1,579** |
| Набавки | 1,579 | **1,579** |
| **Намалување по основ на:** | **1,205** | **1,205** |
| Отпис на капитални средства | 21 | **21** |
| Амортизација | 1,184 | **1,184** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **4,089** | **4,089** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1305-630/12**
**Скопје, 01.11. 2007 година**

Врз основа на член 23 став 6 од Законот за државна ревизија ("Сл. весник на РМ" бр. 65/97, 70/2001, 31/2003, 19/2004 и 70/06), постапувајки по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Совет за радиодифузија Скопје (во понатамошниот текст Совет) за 2006 година заведен под број 1304 -630/11 од 03.10.2007 година, Заменикот Главен државен ревизор го донесе следното:

***Р Е Ш Е Н И Е***
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот поднесен на точките 11.2.1.; 11.2.2.; 11.3.1.; 11.3.2.; 11.3.3.; 11.4.1. и 14.2. од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Советот за 2006 година **не се прифаќа**, освен приговорот на точката 11.2.3. кој **делумно се прифаќа**.

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор преставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интегрира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Образложенијата за неприфаќање на приговорот се следните:

1. Упатениот приговор на точка 11.2.1. од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на констатацијата за непрезентирање на соодветен писмен акт донесен од надлежен орган (Собранието на Република Македонија односно надлежното тело/комисија при Собранието) за утврдување на платата на избраните лица во Советот **не се прифаќа,** поради тоа што согласно одредбите од Законот за платата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во републиката, Советот е должен да обезбеди соодветен акт од надлежните органи за утврдување на нето платите на избраните лица на Советот.

2. Упатениот приговор на точка 11.2.2. од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на склучениот Протокол број 03-2750/1 од 13.12.2005 година со корисниците на радиодифузната такса за насочување/уплата на нивна сметка неискористени средства од радиодифузна такса наменети за финансирање на проекти од јавен интерес **не се прифаќа** поради тоа што не претставува приговор туку информирање дека во целост се испочитувани одредбите од Законот за радиодифузната дејност, без притоа да ги доставаи потребните податоци за износот на вкупните обврски кои Советот не ги насочил/уплатил.

3. Упатениот приговор на точката 11.2.3. од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, **делумно се прифаќа,** поради тоа што Советот достави докази од кои може да се констатира дека извршил достава на првично усвоениот план за јавни набавки за 2006 година до Бирото за јавни набавки.

4. Упатениот приговор на точката 11.3.1. од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на несоодветно почитување на сметководственото начело на "пресметковна основа" кое доведува до намалување на квалитетот на финансиските извештаи **не се прифаќа** поради тоа што не претставува приговор туку информирање за причините за неусогласеноста помеѓу паричните средства со вишокот на приходи, како и информирање дека Советот веќе постапил по укажувањата на ревизијата.

5. Упатениот приговор на точката 11.3.2. од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на начинот на искажување на обврските кон трговските радиодифузни друштва и независни продуценти, односно радио и телевизиски проекти, распоредени од радиодифузната такса по одлука од Владата на Република Македонија, **не се прифаќа** поради тоа што Советот не достави дополнителни докази со кои ќе се оспори утврдената состојба од ревизијата.

6. Упатениот приговор на точка 11.3.3. од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на отсуство на соодветни политики/критериуми за наменското и законското користење на средства за проекти од јавен интерес на трговските радиодифузни друштва, распределени по одлука на Владата на Република Македонија, **не се прифаќа** и покрај тоа што законскиот застапник укажува дека при подготовка за распишување на секој Оглас за финансирање програми од јавен интерес се утврдуваат критериумите и политиките за распределба на средствата содржани во текстот на самата Одлука и истата се објавува во Службен весник на РМ, истите не се презентирани на ревизијата ниту се доставени во прилог на приговорот.

7. Упатениот приговор на точка 11.4.1. од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на несоодветно спроведен попис на основните средства, ситниот инвентар, материјали и резервни делови во магацин, побарувањата и обврските и паричните средства со состојба 31.12.2006 година, **не се прифаќа** поради тоа што законскиот застапник не достави дополнителни докази со кои ќе ги оспори утврдените состојби од страна на ревизијата.

8. Упатениот приговор на точката 14.2. од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на склучени договори за орочување на денарски депозити помеѓу Советот и еден од носителите на платниот промет (деловна банка), како и склучени повеќе анекс договори со кои се определува периодот на орочувањето и висината на каматната стапка, **не се прифаќа** поради тоа што не преставува приговор туку информирање дека Советот склучува анекс договори за орочување на слободните средства со кратки временски периоди со носителот на платниот промет каде што поседува сметка со цел да средствата кои се предмет на орочувањето во секое време да бидат достапни и бидат исплатени на нивните корисници во определениот рок.

**Скопје, 01.11.2007 година** **Заменик Главен државен ревизор**
**Благоја Илиевски**